**БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО**
**тел. 044 330 800**
**Ул.Јане Сандански бр.63/2 Тетово**
**revizija@bend.com.mk** **www.bend.com.mk**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ



## СОДРЖИНА


| ОПИС | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 3 |
| 2. Извештај за транспарентност | 4 |
| 2.1. Опис на правната структура и сопственост | 4 |
| 2.2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа субјектот | 5 |
| 2.3. Опис на управувачката структура | 6 |
| 2.4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет и Изјава на овластениот надлежен орган на субјектот за ефективноста на функционирањето на овој систем | 6 |
| 2.5. Датумот кога е извршена последната проверка заради уверување во квалитетот на ревизорот согласно Законот за ревизија | 13 |
| 2.6. Список (листа) на субјекти на кои е извршена законска и договорна ревизија согласно Законот за ревизија во текот на 2022 година | 13 |
| 2.7. Опис и изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени | 16 |
| 2.8. Опис и изјава за политиката што ја следи субјектот за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во текот на годината за која се известува | 16 |
| 2.9. Финансиска информација за приходите на субјектот | 16 |
| 2.10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластените ревизори | 16 |
| Прилог 1 | 17 |
| Прилог 2 | 18 |
| Прилог 3 | 19 |

**1. Вовед**

Согласно барањата на член 35 од Законот за ревизија во Република Македонија (Службен Весник бр.158/10,135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15 и 23/16 и 83/18) БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО Тетово го објавува овој Извештај за транспарентност за 2022 година. Извештајот ги содржи информациите во врска со:

- Правната структура и сопственост на друштвото за ревизија
- Професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа
- Управувачка структура на друштвото за ревизија
- Внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежан орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем
- Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со Законот за ревизија
- Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на годината за која се известува
- Изјава за независно работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени
- Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на годината за која се известува
- Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизија и други надомести, расчленет на четири категории: од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги
- Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

# 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## 2.1. Опис на правната структура и сопственост на субјектот

### *2.1.1. Име на субјектот*

| Барање | Опис |
|---|---|
| Целосен назив на субјектот | Друштво за ревизија БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО Тетово |
| Правна форма | Друштво со ограничена одговорност ДОО |
| Адреса | Ул. Јане Сандански 63/2<br>Тетово, Република Македонија |
| Дата на основање | 21.05.2001 |
| Регистарски број под кој е заведен субјектот во соодветниот регистар при ИОРРСМ | ДРО30 |
| Број на лиценца за работа за вршење на работи на ревизија издадена од СУНРМ и датум на нејзино издавање | Бр. 23,<br>Датум: 03.12.2013 |

### *2.1.2. Број на вработени лица во субјектот, согласно со Законот за работни односи, со состојба на 31 декември и со состојба на датумот на доставување/објавување на Извештајот*

| Барање | Opis |
|---|---|
| Број на вработени со полно работно време | 31.12.2022 9 вработени<br>31.03.2023 10 вработени |
| Број на овластени ревизори на неопределено време | 31.12.2022 4 овластени ревизори<br>31.03.2023 4 овластени ревизори |

### *2.1.3. Опис на сопственичката структура на друштвото за ревизија*

| Барање | Опис |
|---|---|
| Висина на основната главнина | 362.100 денари |
| Сопственици според нивниот статус | Овластени ревизори и други лица :<br>Душко Апостоловски – овластен ревизор<br>Добрила Апостолова - овластен ревизор<br>Наташа Трифуноска – овластен ревизор<br>Апостоловски Ненад<br>Апостоловски Никола<br>(Овластените ревизори поседуваат 80% од вкупната основна главнина на друштвото) |

| Барање | Опис | | |
|---|---|---|---|
| Учество на секој од сопствениците изразено во апсолутен износ и во проценти | **Име** | **износ во денари** | **%** |
| | Душко Апостоловски | 253.500 | 70 |
| | Добрила Апостолова | 18.100 | 5 |
| | Наташа Трифуноска | 18,100 | 5 |
| | Ненад Апостоловски | 36.200 | 10 |
| | Никола Апостоловски | 36,200 | 10 |
| | **Вкупно** | **362.100** | **100** |

*2.1.4. Приоритетна дејност / главна приходна шифра*

| Барање | Опис |
|---|---|
| Приоритетна дејност | 69.20 – Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување |

*2.1.5. Број на подружници на субјектот регистрирани во државата, нивните целосни називи и адресите на нивните регистрирани седишта*

***Друштво за ревизија БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО Тетово – Подружница Скопје Булевар Партизански Одреди бр.58 Скопје - Центар***

*2.1.6. Број на други друштва во земјата во кои субјектот се јавува како основач и негови поврзани субјекти, нивни целосни називи, правната форма и адресите на нивните регистрирани седишта и дејност*

Друштвото не се јавува како основач на други субјекти во земјата и нема поврзани друштва

2.1.7. Број на подружници на субјектот регистрирани во странство, нивните целосни називи, адресите на нивните регистрирани седишта

Друштвото нема регистрирано подружници во странство

2.1.8. Број на други друштва во странство во кои субјектот се јавува како основач и негови поврзани субјектот, нивните целосни називи, правната форма, адресите на нивните регистрирани седишта и дејност.

Друштвото не се јавува како основач на други друштва во странство

2.1.9. Годишно осигурување од одговорност согласно Законот за ревизија
- Минимална сума на покривање на штетен настан
- Број на полиса
- Период на осигурување

| Барање | Опис |
|---|---|
| **Годишно осигурување од одговорност:** | **Осигурување за професионална одговорност на ревизори со 4 овластени ревизори на сума на осигурување до 400.000 ЕУР без франшиза и во агрегат**.<br>**Број на полиса**: 130100012115<br>**Период на осигурување**: од 11.11.2022 до 11.11.2023 |

| Барање | Опис |
|---|---|
| **Други значајни податоци кои субјектот смета дека треба да бидат обелоденети:** | |

**2.2 Опис на професионалната мрежа и правните и структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа субјектот**

БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО делува локално на територијата на РМ, не припаѓа на ниедна професионална мрежа и работи со цел давање на услуги на клиентите кои делуваат на пазарот во РМ. Заради ваквата состојба барањата од точка 2.2.1 до точка 2.2.3 не се применливи за субјектот.

2.2.1 Име на меѓународната мрежа со краток опис на истата

2.2.2 Клучни елементи од договорот за основање или друг вид на договор за членство во меѓународната мрежа

- Право на користење на брендираното име или заштитна марка на мрежата
- Функционална организациска поставеност
- Стратегиски менаџмент

2.2.3 Големина на мрежата од аспект на

- Број на држави во кои дејствува
- Број на канцеларии
- Број на вработени на глобално ниво
- Информација за остварен вкупен приход

**2.3. Опис на управувачката структура на БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово**

2.3.1 Опис на начинот на управување во друштвото за ревизија со наведување на органите на управување и надзор

Органи на друштвото се Собир на содружници и Управител.

Управувањето со друштвото е одговорност на Управителот кој го организира работењето на друштвото во согласност со основачкиот акт на друштвото.
Управителот како раководен партнер е Одговорен за следење на ефективноста на работата изведена од страна на сите останати лидерски позиции.
Управителот е одговорен за развој, имплементација, следење и спроведување на политиките и процедурите дизајнирани да им помогнат на сите партнери и на персоналот во разбирањето, идентификувањето, документирањето и справувањето со заканите по независноста и за разрешувањето на прашања околу независноста кои се појавуваат пред или за време на ангажманот.

Собирот на содружници е сочинет од имателите на удели во друштвото и одлучува за прашања предвидени со Законот за трговски друштва и Договорот за основање на друштвото. Гласовите се распределени според процентуалното пропорционално учество на уделите во основната главнина на друштвото.

2.3.2 Состав на органите на управување и надзор

БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово има еден управител – Душко Апостоловски – овластен ревизор.
Собирот на содружници е сочинет од имателите на удели во друштвото опишани во точка 2.1.3 од овој Извештај.

**2.4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово и Изјавата на овластениот надлежен орган на субјектот за ефективноста на функционирањето на овој систем**

2.4.1 Вовед

Друштвото има пропишано политика и процедури за промовирање на системот на контрола на квалитет како основа за планирање и изведување на ангажманите. Раководството

на друштвото ја превзема крајната одговорност за системот на контрола на квалитет, партнерот е оперативно одговорен за контрола на квалитет на друштвото и има доволно и адекватно искуство и способност да ја превземе оперативната одговорност. Во согласност со политиката за квалитет од Рравилникот за контрола на квалитет Друштвото има имплементирани политики и процедури кои даваат разумно уверување дека системот на контрола на квалитет е ефективен.

- Целите на внатрешниот систем за контрола на квалитет кај субјектот според Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1.

Целта на внатрешниот систем на контрола на квалитет е да осигура:

- Дека друштвото се придржува до професионалните стандарди и правната регулатива,
- Дека вработените се придржуваат кон правилникот и политиката за контрола на квалитет кој се однесува на ревизијата,
- Дека системот за квалитет е адекватно дизајниран и имплементиран,
- Дека извештаите издадени на крај на процесот се одраз на адекватни околности

Поставеноста на внатрешниот систем за контрола на квалитет;

Политиките и процедурите на внатрешниот систем на контрола на квалитет вклучуваат континуирана проверка на системот на контрола на квалитет, заедно со периодична контрола на конкретни завршени ангажмани. Периодичната проверка вклучува проверка на најмалку еден ангажман за секој партнер за периодот кој се испитува, а се врши најмалку еднаш годишно. Начинот на кој е организиран системот на проверка зависи од следните фактори: Број на ангажмани во периодот, резултатите од претходната проверка, природата и комплексноста на ангажманите во однос на ризикот поврзан со клиентите и специфичноста на ангажманите.

Друштвото покрај овој тип на проверка подлежи и на контрола од страна на Институтот на Овластени ревизори на Република Македонија најмалку еднаш во тригодишен период. За усогласување на системот на контрола на квалитет и неговата ефективност е одговорен Управителот - раководниот партнер.

Принципите и стандардите дефинираат посебни елементи на контрола на квалитет заради кои Друштвото е во обврска да одржува ефективни политики и процедури и тие се: независност, интегритет и објективност, раководење со вработените, прифаќање на клиентите и ангажманите, како и продолжување на соработката, извршување на ангажманите и мониторинг.

- Изјава потпишана од овластениот надлежен орган на субјектот за ефективноста на функционирањето внатрешниот систем за контрола на квалитетот – Оваа Изјава е Прилог 1 кон Извештајот.

2.4.2 Одговорноста на раководството за внатрешниот систем за контрола на квалитет;

За усогласување на системот на контрола на квалитет и неговата ефективност е одговорен Управителот - Раководниот партнер.

2.4.3 Релевантните етички барања:

- Мерките кои се превземаат заради исполнување на етичките принципи (интегритет, објективност, професионална компетентност и должно внимание, доверливост и професионално однесување);

Целта на овие принципи и политики е да дадат разумно уверување: а) дека вработените се запознати и се однесуваат во согласност со принципот на независност, во сите релевантни аспекти, во односите со клиентите, а во согласност со важечките правила и етички стандарди и б) дека вработените ја одржуваат објективноста при извршување на професионалните должности.

Според интерно воспоставените правила и процедури, а во согласност со важечките правила за независност и етичките стандарди, Друштвото има воспоставено политики и процедури за независност кои ги опфаќаат односите со клиентите и посебно субјекти кои се забранети во однос на независноста. Политиките бараат за нив да се дискутира на време (иницијално и периодично), да бидат проверени, при што одговорноста за дискусијата за нив е на личноста во чија надлежност е тоа (партнер на ангажманот). Секое кршење и непридржување на политиките на независност веднаш се документира и корегира.

Најважниот елемент на контрола во друштвото кој се однесува на етичките барања е изведен од Политиката за независност која се однесува на друштвото, сите вработени и нивните семејства. Политиката за независност им е достапна на сите вработени. Исто така сите вработени се информираат за сите измени и дополнувања на политиките кои ја регулираат независноста. Друштвото најмалку еднаш годишно обезбедува изјава за нивната лична усогласеност со политиката за независност на Друштвото.

- Мерките кои се преземаат заради обезбедување доверливост и заштита на податоците.

Според интерно воспоставените правила и процедури, а во согласност со важечките правила заради обезбедување и заштита на податоците, Друштвото има воспоставено политики и процедури за доверливост, обезбедување и заштита на податоците кои ги опфаќаат сите податоци добиени од клиентите, податоците кои се дел од ревизорската документација на ангажманите како и интерните акти на друштвото. Секое кршење и непридржување на политиките на безбедност и заштита на податоците веднаш се документира и корегира. Друштвото најмалку еднаш годишно обезбедува изјава за нивната лична усогласеност со политиката за оезбедување и заштита на податоците на Друштвото.

2.4.4. Политиките кои се следат за прифаќање, продолжување или повлекување на ангажманите

Политиките и Процедурите за прифаќање на клиенти и ангажмани се однесуваат на одлучување дали да се прифати и/или да се продолжи односот со клиентот и дали да се изврши ангажанот за тој клиент посебно од аспект на

- Компетенции, способности и потребни ресурси;

Овој елемент опфаќа политики и процедури во однос на оценката дали Друштвото и неговите вработени поседуваат адекватни особини кои им овозможуваат да бидат компетентни во својата работа, дали задачата е доделена на личност која поседува адекватна техничка оспособеност и знаење соодветно на околностите, дали вработените континуирано учествуваат во општи и тесно стручни обуки и останатите активности за професионално усовршување кои им овозможуваат да ги исполнат очекуваните обврски и дали вработените одбрани за напредување имаат квалификации и искуство кои се соодветни на одговорноста која ќе ја преземат на себе.

- Оценки на интегритетот на клиентите;

Целта на политиката во врска со овој елемент на системот на контрола на квалитет е да се минимизира поврзаноста со клиент чие раководство не поседува неопходен интегритет и да се

добие разумно уверување дека : Друштвото ги прифаќа само оние ангажмани за кои се очекува дека ќе бидат извршени професионално, Друштвото соодветно ги разгледува ризиците поврзани со давање на професионални услуги во одредени ситуации, Друштвото со клиентите постигнува адекватно разбирање во поглед на природата и обемот на ограничувањата на услугите кои треба да бидат извршени.

2.4.5. Политиките и процедурите кои се однесуваат на човечките ресурси од аспект на:

- Вработување

Друштвото и одговорниот за човечки ресурси ги проценува барањата за професионална услуга за да бидат сигурни дека го имаат капацитетот и стручноста кои се потребни за да се задоволат потребите на клиентот. Ова обично вклучува детално очекување за барањата на ангажманот за секој од календарските периоди за да се идентификуваат периодите со најголем интензитет и потенцијалните недостатоци на ресурси.

Одговорниот за човечки ресурси користи процеси на аплицирање, интервјуирање и документирање при вработувањето, а овие вклучуваат потврда на академските и професионалните способности, како и проверка на препораките.

Одговорниот за човечки ресурси ги обезбедува сите информации за ориентација на персоналот во моментот кога тоа ќе стане изводливо веднаш по вработувањето во Друштвото. Материјалите за ориентација вклучуваат целосна копија на политиките и процедурите на Друштвото. Пробен период од 1 година се применува на сите вработени.

- Оценувањето на вработените

Управителот на ДОО периодично, а најмалку еднаш годишно ја разгледува ефективноста на програмата за регрутирање со проценка на моменталните потреби на Друштвото за ресурси и врши евалуација и оценување на вработените, а со ова се идентификува дали програмата треба да се промени. Почитувањето на политиките на Друштвото е предмет на разгледување и при севкупната оценка на поединечни членови на персоналот на постојана основа како и за време на редовниот процес на проверка на персоналот. Соодветна тежина е доделена за карактеристики идентификувани при оценката на работната успешност и во определувањето на нивото на надоместокот за плата, бонуси, промоција, професионален развој и авторитет во рамките не Друштвото. Оценките на успешноста, кои се спроведуваат на периодична основа, вклучуваат формулар и содржина кој се дефинирани со помош на политиката на Друштвото

- Унапредувањата на вработените

Управителот на Друштвото настојува да идентификува можности за развој на кариерата на персоналот за да го задржи способниот персонал и да обезбеди одржливост и постојан растеж на Друштвото.

Управителот на Друштвото исто така ќе планира и консултативни средби помеѓу помладите членови на персоналот и членовите на повисоките позиции за да се води развојот на помалку искусните членови на персоналот.

- Назначувањето на одговорниот на ангажманот

При определување на одговорниот за одреден ангажман, се посветува особено внимание на компетентноста, континуитетот со клиентот, избалансирано со ротација за да се обезбеди адекватна поддршка и можност на работниот тим.

- Назначувањата на членови за ангажманот

Преку своите политики и процедури, Друштвото се грижи за назначувањето на соодветен персонал (поединечно и колективно) на секој од ангажманите. Одговорностите на Управителот на Друштвото се јасно дефинирани во Прирачникот за квалитет и во Политиките за назначување на тимот на ангажманот, за ангажмани обезбедени од Друштвото.

Управителот на Друштвото исто така има одговорност да се осигура дека назначените поединци, но и тимот како целина, ги имаат потребните способности да го комплетираат ангажманот во согласност со професионалните стандарди и со системот за контрола на квалитет на друштвото.

- Назначување на експерти и специјалисти

Преку своите политики и процедури, Друштвото се грижи за назначувањето на соодветни експерти доколку се утврди потреба од експерт или специјалист за одреден ангажман. Одговорностите на Управителот на Друштвото се јасно дефинирани во прирачникот за квалитет и во политиките за назначување на експерти и специјалисти, за ангажмани обезбедени од Друштвото.

Соодветно на политиките на друштвото при ангажирање на експерти и специјалисти задолжително се склучува писмен договор во кој се дефинираат: а) Природата, делокругот и целите на работата на тој експерт; б) Соодветните улоги и одговорности на ревизорот и на тој експерт; в) Природата, временскиот распоред и делокругот на комуникацијата помеѓу ревизорот и тој експерт, вклучувајќи ја и формата на сите извештаи кои треба да се обезбедат од страна на тој експерт; и г) Потребата експертот на ревизорот да ги исполнува барањата за доверливост.

2.4.6. Политиките и процедурите кои се однесуваат на спроведувањето на ангажманите и вршењето на внатрешната контрола на квалитет од аспект на:

- Користење компјутерски ревизорски техники (софтвер и останати ревизорски алатки);

Друштвото не користи компјутеризиран софтвер за ревизија. При спроведување на своите политики и извршување на процедурите користи како алатки поврзани excel табели развиени од страна на овластените ревизори во нивното 15 годишно работење. Соодветните excel табели се поделени и референцирани на 9 подрачја и тоа: Прифаќање и продолжување на ангажманот и оценка на ризикот, Финансиски извештаи, Планирање на ангажаманот, Детална програма по подрачја, Правни прашања, Финализирање на ревизијата, Екстерни конфирмации, Контрола на квалитет, Останати прашања. За вака поставениот систем и користената алатка сметаме дека е соодветна за целната група на Друштвото на ангажмани за ревизија кои ги прифаќа друштвото.

- Вршење на надзор на внатрешниот систем на контрола на квалитет;

Вршењето на надзор на внатрешниот систем на контрола на квалитет се постигнува со назначување на партнер или друго лице со соодветно знаење и авторитет како одговорно за надгледување на извршувањето на процедурите на функционалните елементи на ниво на ангашман за да се одреди дали друштвото е усогласено со барањата вклучувајќи и континуитет и независност.

Процесот на надгледување вклучува: а) преглед на административно и персонално досие во однос на елементите на квалитет со фокус на политиките и процедурите поврзани со човечките ресурси б) дискусија со персоналот на друштвото за да се потенцира одговорноста на раководството.

Неколку функционални елементи се прегледуваат во врска со усогласеноста на друштвото со професионалните стандарди на ниво на ангажман и тоа а) документација во однос на независност, интегритет и објективност и одлуките за прифаќање и продолжување на ангажманот б) изјавите по прашања за независноста, интегритетот и објективноста на прашалниците кои одредуваат дека прашањата се соодветно решени и земени во предвид в) останати консултации со прашања од аспект на сметководство и ревизија.

Два метода се примарни и достапни за оценка на усогласеноста на друштвото со политиките и процедурите со професионалните стандарди на ниво на ангажман:

a) Процедура на инспекција
b) Накнадна проверка на документацијата за ангажманот, извештајот и ФИ на клиентот на селектираниот ангажман по датата на доставување на извештајот.

- Критериумите за селекција на ревизорските ангажмани - предмет на внатрешна контрола на квалитет;

Ефективната селекција на ангажманот за контрола на квалитет зема предвид различни видови и партнери на анагажманот. Факторите за селекција вклучуваат: а) Ангажмани кои се задолжителни за проверка врз основа на законски и професионални барања (котирани компании, банки, осигурителни друштва и сл.), б) Специјализирани индустрии и ангажмани со висок ризик на ангажманот, в) Почетни ангажмани, г) Видот на ангажманот (ревизија, уверување, фактички наоди, проверка, компилација, проспекти и сл.), д) Компании според барања на КХВ и АСО, ѓ) Компании кои прекинуваат со работењето или се спојуваат или на било кој друг начин се ликвидираат, е) Ангажмани на кои работат партнери кои во претходната проверка имале негативни резултати, ж) Ангажмани во кои имало наоди при други проверки или барања на СУНР и ИОРРСМ.

- Бројот на спроведени внатрешни контроли на квалитет

Во 2022 година е спроведена една внатрешна контрола на квалитет според актите на Друштвото

- Опфатот на спроведените внатрешни контроли на квалитет;

При спроведената внатрешна контрола на квалитет се опфатени 5 ангажмани од кои 1 ангажман на котирана компанија, 2 ангажамани на ангажмани за ревизија согласно со Законот за трговски друштва, 1 ангажман за ревизија на финансиски извештаи за договорна ревизија и 1 ангажман за уверување.

- Критериумите за избор на лица кои вршат внатрешна контрола на квалитет;

Согласно со политиката на друштвото критериумите за избор на лица кои вршат внатрешна контрола на квалитет се следни:

а) да има соодветно и поголемо искуство
б) да има овластувања во рамки на фирмата и
в) да не е вклучен во ангажманот

- Навремено комплетирање на ревизорската документација

Според политиката на Друштвото, документацијата на ангажманот е содржана во ревизорското Досие според Одлуката за прирачник за ревизија за ангажманите за соодветна година.

Според, политиката на друштвото, финалното комплетирање на досието на секој ангажман мора да заврши најдоцна до 60 дена од Издавање на извештајот. Доколку се издаваат два или повеќе извештаи за информации на исто предметно прашање, политиката на друштвото треба да наведе дека временските ограничувања за комплетирање на досието за ангажманот треба да бидат такви така што секој извештај да се третира како да е за посебен ангажман.

- Архивирање и чување на ревизорската документација

Друштвото има воспоставено политики и процедури дизајнирани да ја одржат доверливоста, интегритетот, безбедноста, пристапот и повратливост на документацијата на ангажманот. Овие политики вклучуваат разгледување на различни барања за чување според законите и прописите за да се обезбеди чување на документација за ангажман за време на период кој е доволен да се задоволат потребите на друштвото. Сите работни документи, извештаи и други документи подготвени од друштвото, вклучувајќи ги и работните листи подготвени од клиентот се доверливи и се заштитени од недозволен пристап.

Партнер кој го води ангажманот или Раководниот Партнер мора да ги одобри сите надворешни барања за проверка на работните документи, и не може да се објават никакви документи без ова одобрение.

Работните документи нема да бидат достапни за трети лица освен ако:

· Клиентот писмено не дозволи пристап кон тие документи;

· Обелоденувањето се бара со правна или судска одлука; или Обелоденувањето се бара со закон или регулатива.

Освен ако тоа не е забрането со закон, друштвото мора да го информира клиентот и да добие писмена дозвола пред да овозможи пристап кон работните документи за проверка. Мора да се добие писмо со овластување кога има барање за проверка од потенцијален купувач, инвеститор или позајмувач. Доколку клиентот не го одобри неопходното обелоденување на информации, треба да се побара правен совет.

Во судски спор или потенцијален судски спор, регулаторен или административен процес, работните документи нема да бидат обезбедени без добивање согласност од правниот советник на друштвото.

Документирањето од каков било вид се чува 7 години од датумот на ревизорскиот извештај, или доколку е подоцна, од датумот на ревизорскиот извештај на групата за да им се овозможи на оние кои ги спроведуваат процедурите на следење да го евалуираат степенот до кој друштвото е во согласност со внатрешниот систем на контрола, како и потребите на друштвото, како што се бара со професионалните стандарди, закони или други регулативи.

2.4.7 Политиките и процедурите кои се однесуваат на следењето на внатрешниот систем на контрола на квалитет;

Политиките и процедурите за контрола на квалитет претставуваат клучен дел на системот на друштвото за внатрешна контрола. Следењето примарно се состои од разбирање на овој систем на контрола и определување до кој степен ефикасно функционира овој систем, и тоа преку интервјуа, тестови на поминување и инспекции на досиеја. Исто така вклучува и развојни препораки за да се подобри системот, особено ако се откријат слабости или доколку се сменат професионалните стандарди и практики.

Друштвото се потпира на секој партнер или член на персоналот на секое ниво за да неформално се следат и применуваат квалитетот, етиката, и професионалните стандарди на друштвото. Ова следење е вградено во секој аспект на професионалната работа. Партнерите и персоналот кои имаат моќ да носат одлука или да ја надгледуваат работата на други имаат поголемо ниво на одговорност.

Друштвото ги разгледува и сите повратни информации добиени од инспекцијата на практиката и режимот за лиценцирање на СУНР и ИОРРСМ. Сепак, ова не е замена за внатрешниот систем на следење на друштвото.

2.4.8 Политиките и процедурите за документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитетот.

Друштвото одржува политики и процедури кои го специфицираат нивото и обемот на документација која се бара за секаков ангажман и воопшто за општа употреба од страна на друштвото. Тоа исто така одржува политики и процедури кои бараат соодветна документација за да се обезбеди доказ за функционирањето на секој елемент на системот за контрола на квалитет.

**2.5. Датумот кога е извршена последната проверка заради уверување во квалитетот на ревизорот согласно Законот за ревизија.**

Последната проверка заради уверување во квалитетот е извршена во март 2022 година за ангажманите на овластените ревизори Душко Апостоловски, Трифуноска Наташа и Добрила Апостолова. Проверката е извршена од страна на проверувачите на контрола на квалитет при Институтот на овластени ревизори на Република Македонија. Конечниот извештај за извршена контрола е доставен на 10.08.2022 година.

2.5.1 Период кога е извршена контролата

Од 21 март до 04 април 2022 година од страна на проверувачите на контрола на квалитет на ИОРРСМ.

2.5.2 Периодот за кој се однесува контролата

Извршени ревизорски ангажмани за ревизија на финансиски извештаи за 2020 година

2.5.3 Предметот на контролата.

Контрола на системот на контрола на квалитет и три поединечни ангажмани за ревизија на финансиски извештаи

**2.6. Список (листа) со целосен назив на субјекти на кои е извршена законска и договорна ревизија согласно Законот за ревизија во текот на годината за која се известува**

| ЗАКОНСКИ РЕВИЗИИ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ |
|---|
| АК ИНВЕСТ ДООЕЛ |
| БУТЕЛ ПОГРЕБЕН СЕРВИС АД |
| БУТЕЛ АД |
| АДГ ПЕЛАГОНИЈА |
| БОМИ 10 ЛОГИСТИК ДООЕЛ |
| БИЗНИС ДЕЛИВЕРИ 10 |
| ВЕЗЕ ШАРИ ДОО |
| ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД |
| КОНФЕКЦИЈА ГЕРАС ЦУНЕВ АД |
| ДАБАР ДООЕЛ |
| ЕЛЕКТРОШАРИ ДООЕЛ |

| |
|---|
| ЗЗ ЕДИНСТВО |
| ЗУМ АД |
| ЕДИНСТВО АД |
| ЕКО ОРАНЖЕРИИ АНСКА РЕКА ДОО |
| ИГМ ВРАТНИЦА АД |
| ИГМ ЕЛЕНИЦА АД |
| КОЛИД ФУДС ДООЕЛ |
| МАКТОИС ДОО |
| ЛЕЦКЕР ДООЕЛ |
| ИНТЕРПРОМЕТ АД |
| ПОФИКС ДОО |
| РЕМИС ДООЕЛ |
| ИН ПУМА ДОО |
| ГРАДЕЖНИК ДОО |
| РЕНОВА ДОО |
| РЕНОВЕЛУР ДООЛ |
| ФК РЕНОВА АД |
| ЕЛЕКТРА ЕЛ ГРУП ДООЕЛ |
| КОЛИД КОМПАНИ АС ДООЕЛ |
| ТРГОПРОДУКТ ДООЕЛ |
| ТЕАЛ АД |
| ЕМ ГРУП ЕЛЕКТРОМЕТАЛ ДОО |
| ХИТ 73 ДОО |
| ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОЧАРСКИ КОМБИНАТ ДОО |
| УРБАН ПЛАН КОНСТРУКТИОН УПЦ ДООЕЛ |
| РЕНОСИЛ ДОО |
| ФКЦ БС ДОО |
| ОИЛКО КДА |
| АК ХИДРО 2016 ДООЕЛ |
| БУЈО ГРАДБА ДООЕЛ |
| СЕМАФОР КОМЕРЦ ДООЕЛ |
| З ПЛАСТ ДОО |
| ГЛОБАЛ БАЛКАН ГРУП |
| АД БОРЕЦ |
| УНИВЕРЗАЛ ГРАДБА ДООЕЛ |
| СЕНТИС АГ ДООЕЛ |
| ГНА ДООЕЛ |
| ИМПЕРИАЛ НТТ ДОО |
| ХИТ ОИЛ ДООЕЛ |
| МАМ ДОО |
| УНИВЕРЗАЛ ЛОГИСТИК СОЛУШН ДОО |
| ЖФК ЉУБОТЕН |
| ЖФК ТИВЕРИЈА |
| ФД МАККОМ ЗАЛОЗИ |
| ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО БРОЛИНС АД |
| ТОЉА ДООЕЛ |
| ХЕЛГА КОМПАНИ ДООЕЛ |

| |
|---|
| ХОТЕЛ АРДИА ДООЕЛ |
| ЕУРО МК ДОО |
| Б.Ф.М КОМПАНИ ДООЕЛ |
| ИНТЕРНАТИОНАЛ ФРЕШ ФООД ДОО |
| МОНТЕНЕГРО ДОО |
| ИНТЕРТРЕЈД КОМПАНИ ДООЕЛ |
| БАРТ ЕНЕРЏИ ДОО |
| АРРБОРА ДОО |
| ИМПЕКСЕЛ 2 ДООЕЛ |
| ЕУРОПЕАН ПЛАНТС ДОО |
| НЕТКОМ ПЛУС |
| ТВ ШЕЊА ДООЕЛ |
| ТВ ЕРА ДООЕЛ |
| МВН ДООЕЛ |
| РИЗИКО ОСИГУРУВАЊЕ АД |
| БОБАН ЗАЕВ ХОЛДИНГ ДООЕЛ |
| БАКАЛ БАКЕРО ДООЕЛ |
| АКСИОС ДМС ДОО |

| **ДОГОВОРНИ РЕВИЗИИ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ** |
|---|
| АМД ТЕТОВО |
| ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД АМДТ ДООЕЛ |
| НОРМАК ИНВЕСТМЕНТ ГРОУП АД |
| ЕНЕРГОМОНТ АД |
| ЛГБТ ЈУНАЈТЕД |
| ИМПЕКСЕЛ ИЖЕНЕРИНГ ДОО |
| ИНТЕЛЕГЕНТ НЕТВОРК СОЛУШН ДОО |
| ЕКО ЕНЕРЏИ СИСТЕМ |
| МАК ДРИЛ ДОО |
| ЈЗУ ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА |
| МЛ ГАРИ ДООЕЛ |
| ФК РЕНОВА АД |
| РЕЗИДЕНС ШАРА ДОО |
| БЕСА ШОП ДОО |
| ОПШТИНА ЖЕЛИНО |
| А И Б ГЛОБАЛ ЛОГИСТИКС ДООЕЛ |
| СЛАБИНЦК ЛОГИСТИКС ДООЕЛ |
| ЗДРУЖЕНИЕ ИЗБОР |
| ОПШТИНА БОСИЛОВО |

| **ДРУГИ АНГАЖМАНИ СОГЛАСНО ЗАКОН ЗА РЕВИЗИЈА** |
|---|
| МАКПЕТРОЛ АД |
| ИНТЕРПРОМЕТ АД |
| БАЏО ДООЕЛ |
| ДГ БЕТОН АД |
| ТИНФОС АС НОРВЕШКА |
| ЖИТО ПОЛОГ АД |
| ФК ПЕЛИСТЕР АД |
| ЛГБТ ЈУНАЈТЕД |

**2.7. Опис и изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени.**

Изјавата претставува Прилог 2 на Извештајот.

**2.8. Опис и изјава за политиката што ја следи субјектот за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во текот на годината за која се известува.**

Изјавата претставува Прилог 3 на Извештајот.

**2.9. Финансиска информација за приходите на БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово и тоа:**

2.9.1. Список (листа) на услуги кои ги нуди субјектот

БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово ги нуди следните услуги:
- Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки (согласно со МСР)
- Дополнителни услуги за уверување во квалитет (согласно другите релевантни објави на IFAC, прифатени и објавени во РМ);
- Даночни советодавни услуги: консалтинг, интерна ревизија
- Други неревизорски услуги: Изработка на Инвестициони програми, Бизнис планови, Тренинг, Судски вештачења.

2.9.2. Финансиска информација за вкупните приходи за годината за која се известува и годината кој и претходи, расчленет во четири категории:

| **Опис / година** | **2022 (во денари)** | **2021 (во денари)** |
|---|---|---|
| Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки (согласно МСР); | 13.708.796,00 | 12.906.260,00 |
| Дополнителни услуги за уверување во квалитет (согласно другите релевантни објави на IFAC, прифатени и објавени во РМ); | 1.981.393,00 | 1.308.629,00 |
| Даночни советодавни услуги (услуги на сметководство, проценки, консалтинг, интерна ревизија и други услуги) | 649.685,00 | 317.789,00 |
| Други неревизорски услуги (услуги на тренинг, преводи). | 369.968,00 | 372.024,00 |
| **ВКУПНО** | **16.709.842,00** | **14.904.702,00** |

**2.10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластените ревизори**

Основата по која се утврдува хонорарот на овластените ревизори е поврзана со позицијата на ревизорот во Друштвото како и со одговорноста која таа позиција ја носи. Во зависност од успешност на друштвото и оценките на поединците, хонорарот на овластените ревизори може да биде зголемен за годишен бонус. Врз основа на планираните перформанси и остварување на истите, како и врз основа на придонесот кој го оствариле, овластените ревизори се оценуваат најмалку еднаш годишно. Врз основа на овие оценки нивните хонорари се зголемуваат односно намалуваат.

Тетово, Март 2023

Управител
Душко Апостоловски

Прилог 1

***Изјава на управителот на БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитетот***

Мерките и постапките кои служат како основа за системот за контрола на квалитет на друштвото наведени во овој извештај, имаат за цел да дадат разумен степен на уверување дека законските ревизии извршени од страна на нашето Друштво се во согласност со важечките закони и прописи. Поради својствени ограничувања, системот за контрола на квалитет не е наменет да обезбеди апсолутна сигурност дека неусогласеностите со соодветните закони и прописи ќе бидат спречени или откриени.

Раководството на Друштвото ги разгледа:

• Дизајнот и функционирањето на системите за контрола на квалитет како што се опишани погоре
• Наодите од разновидните програми за усогласеност применети од страна на нашето Друштво (Опишани во делот Внатрешен мониторинг и нашите програми за усогласеност); и
• Наодите, доколку има, од контроли на регулаторот и последователното следење и/или корективни активности.

Земајќи ги сите овие докази заедно, Управителот на БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово изјавува дека политиките и процедурите кои го сочинуваат внатрешниот систем на контрола на квалитет на ДОО функционираат на ефективен начин во годината која завршила на 31 декември 2022 година.

Тетово, Март 2023 Управител

Душко Апостоловски

**Прилог 2**

**Изјава за независното работење со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведениі**

Друштвото изјавува дека постојат интерни постапки за проверка на независноста и истите се спроведуваат преку годишна проверка на усогласеноста и изјава за независноста од сите вработени во Друштвото и изјави за независност на ниво на ангажирани членови на тимот.

1. Секој вработен е должен еднаш годишно да пополни Изјава за независност во која се опфатени сите ризици што може да ја доведат во прашање независноста на ревизорот;
2. За секој поединечен ангажман се прави проверка преку интерните процедури за независноста на ревизорот;
3. Друштвото нема обезбедено ниту извршено дополнителни неревизорски услуги на правните лица од јавен интерес и на другите правни лица за кои обезбедува ревизорски услуги по основ на закон, статут или договор.

Друштвото има усвоено, применува и врши надзор врз соодветните политики и процедури со кои се обезбедува независност, интегритет и објективност во извршувањето на ревизорските и останатите ангажмани на уверување во текот на 2022 година. Овие политики и процедури се во согласност со политиките и процедурите воспоставени со професионални стандарди и законската регулатива во земјата.

Тетово, Март 2023

Управител
Душко Апостоловски

**Прилог 3**

## Изјава за контунуирано професионално образование што ја следи Друштвото за ревизија

БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово преку Управителот изјавува дека ја следи политиката за континуирана едукација на овластените ревизори и вработените преку нивно учество на тренинзи, семинари и усовршување, а со цел ефективно извршување на поставените задачи. Во текот на 2022 година овластените ревизори посетуваа обука за континуирана професионална едукација во областа на сметководството и ревизијата организирана од страна на Институтит на овластени ревизори на Република Македонија во траење од најмалку 40 часа.

Тетово, Март 2023

Управител
Душко Апостоловски